Општина Гази Баба

ВЕСНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

ОКТОМВРИ 2007- БРОЈ 7



# Првата од 35-те спортски сали се гради во општина Гази Баба



## Во Автокоманда отворен паркот на Скулптурата



## Едношалтерски систем за полесна комуникација



БОБИ СТЕВКОВСКИ

## Преку спортот децата ги оттргнуваме од улицата и пороците




# Првата од 35-те спортски сали

Со поставување на камен-темелникот на спортскиот објект во населбата Маџари, и официјално започна изградбата на првата од 35-те спортски сали кои по налог на Владата треба да се изградат на територија на нашата држава. Овој спортски објект лоциран во дворот на основното училиште "Наум Наумовски Борче", покрај 750 ученици од оваа образовна установа, ќе го користат и голем број спортски клубови, граѓани и локалните власти, а ќе се користи и за културни и општествени активности.

"Ја почнавме реализацијата на проектот преку Агенцијата за спорт и млади, со што го исполнивме нашето ветување што го да-





# се гради во општина Гази Баба

довме на изборите и од владината програма. Изградбата на салите е од големо значење, бидејќи активното спортување е еден од клучните фактори за создавање на здрави генерации и силни индивидуи, а младите се насочуваат кон позитивни вредности, наместо кон пороците", изјави на поставувањето на камен темелеником премиерот Никола Груевски.

Салата ќе го носи името на Методија Андонов-Ченто, а ќе биде изградена на површина од 1500 квадратни метри и ќе има 500 седишта. Објектот ќе располага со комплетна опрема за кошарка, фудбал, тенис и гимнастика, а ќе биде обезбедено и греење.



# Прв училишен час












■ Градоначалникот на општина Гази Баба, Коце Трајановски по повод почетокот на учебната 2007-2008 година на првиот училишен час присуствуваше во ОУ "Његош" во н.м. Колонија - Идризово. Првиот час во оваа година започна во 9.00 часот.

На територијата на општина Гази Баба годинава настава ќе посетуваат околу 8500 ученици во 11 основни училишта. Од овие ученици во прво оделение за осумгодишно образование има 700 ученици а деветолетката годинава ќе ја посетуваат 600.







# Поправки на санитарните чворови во училиштата



■ Со почетокот на учебната 2007-2008 година општина Гази Баба започна со поправка на санитарните јазли во неколку училишта. Најлоша е состојбата во ОУ "Стив Наумов", ОУ "Вера Јоциќ" и ОУ "25 Мај". Заради ваквата состојба ќе следува комплетна санација на санитарните јазли, а вредноста на инвестицијата е 2.5 милиони денари. Тендерите за изведување на работите, кои се во тек, ги распишаа самите училишта. Во ОУ "Вера Јоциќ" и ОУ "Наум Наумовски-Борче" општината издвои средста за приклучок на централно греење. Работите во овие училишта ќе чинат 1 милон денари. Со ова на долгорочен план ќе биде решен проблемот со затоплувањето. Со почетокот на деветолетката и поради недостаток на простор во ОУ "Дане Крапчев", општината изгради уште две училници, со што се надмина проблемот од недостаток на простор. Инвестицијата е во вредност од 700 000 денари.



# Ново детско игралиште во Н. Маџари

■ Во населбата Маџари, односно во дворот на поранешното кино Маџари официјално беше пуштено во употреба детско игралиште, донација од COSMOFON за општина Гази Баба.

Донацијата на COSMOFON се состои од изградба на детско игралиште на локација обезбедена од општината, со комбинирани детски реквизити, наменети за деца од предучилишна и училишна возраст.

Игралиштето во употреба го пушти Градоначалникот на општина Гази Баба г.Коце Трајановски и Директорот на Одделот за Односи со јавност во COSMOFON, г-ѓа Емилија Трајковиќ Христова, а на свеченоста присуствуваа претставници од локалната самоуправа и претставници на донаторот COSMOFON.



# Техничка вода за паркот Ченто

■ Општина Гази Баба го заврши првиот дел од проектот за добивање на техничка вода за полевање на зелените површини во општината. Првиот бунар е ископан во Паркот Ченто во населбата "Методија Андонов Ченто". Поставена е хидрантска мрежа низ целиот парк, а пумпата со висок капацитет планирано е без проблеми да ја опслужува целата зелена површина. Изведувачи на работите се фирмите "Турбо инжинеринг" и "ЕХИ". Ставајќи ја во функција подземната вода се очекува да се намали проблемот со недостаток на вода на овие подрачја и сушењето на тревниците и зелените површини. Општина Гази Баба е првата општина која со сопствени средства започна користење на техничка вода за полевање на зелените површини.

Во оваа акција планирано е да се избушат уште три нови бунари на територијата на општината.







# Поправка на легнати полицајци

■ На целата територија на општина Гази Баба започна поправка на оштетените "легнати полицајци". Акцијата се одвиваше во населбите Железара, Автокоманда, Маџари, Ченто и Хиподром. Според податоците на општина Гази Баба од вкупно 60 "легнати полицајци" оштетени се 35 проценти. На одредени локации "легнатите полицајци" целосно се отстранети од непознати сторители, за што е известена и полицијата.

Општина Гази Баба апелира до жителите за совесно однесување кон "легнатите полицајци," со што би се спречиле несакани последици кои произлегуваат од оштетувањето на истите, бидејќи тие се поставени најповеќе пред училиштата.









# Неопходна

**Тековната децентрализација во голема мера влијаеше врз образовниот процес. Како се почувствува оваа промена во основните училишта?**

- Процесот на децентрализација донесе многу позитивни промени во нашето училиште во однос на подобрувањето на воспитно-образовниот процес и условите во кои се изведува наставата, партиципација во многу проекти и натпревари. Сметаме дека со овој процес и воведувањето на деветолетката ќе се засили соработката на нашето училиште со фирмите кои се наоѓаат во нашата општина со цел насочување на учениците во понатамошниот воспитно-образовен процес, но и ќе дојде до поголема примена на практичните искуства.

**Врз основа на минатогодишното искуство, ОУ "Крсте Мисирков" подобро функционираше под директна надлежност на централната власт односно Министерството за образование или сега под капата на општина Гази Баба?**

- Со пренесување на ингеренциите на општината, сега далеку повеќе и многу понепосредно сме вклучени во активностите кои се дел од воспитно-образовниот процес. Времето на пренесување на информациите е многу пократко. Има многу поголема соработка и активности меѓу самите училишта, бидејќи инвестирањето во знаење и создавањето здрава млада популација е чест и гордост за секое општество.

**Со какви проблеми се соочува вашето училиште во секојдневното одржување на наставата?**

- Најголем проблем со кој се соочуваме е безбедноста во и околу училиштето. Сведоци сме на разни девијантни појави, како на пример, присуство на надворешни лица кои ја попречуваат наставата, па затоа интензивно се работи на изнаоѓање на решенија за зголемување на безбедноста.

**Каква ви е соработката со градоначалникот Коце Трајановски, има ли општина Гази Баба разбирање за вашите проблеми и барања?**

- Сакам да ја истакнам извонредната соработка со Општината и градоначалникот Коце Трајановски. На состаноците, со градоначалникот дискутираме за тешкотиите со кои се соочуваме. Општината има разбирање за нашите проблеми и се обидува да изнајде начин што побрзо да се решат. Единствено преку перманентност во напо-



## ИНТЕРВЈУ СО ЈАГОДА ПОПОВСКА
### ДИРЕКТОРКА НА ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „КРСТЕ МИСИРКОВ“

# ни е нова училишна зграда

рите и залагањата, проблемите може успешно да се разрешат.

**Што му недостига на ОУ "Крсте Мисирков" за да прерасне во една модерна и современа образовна установа?**

- Прво, неопходна ни е нова училишна зграда бидејќи нашето училиште е од монтажен тип уште од 1964 година. Нашите планови се во насока на изградба на нова модерна зграда, опремување со современи технички и нагледни средства и воспоставување на нов современ систем на следење на работата на учениците и нивно оценување. Нашата општина е една од најголемите. Во неа егзистираат многубројни индустриски капацитети, меѓу нив и некои кои се носители на индустрискиот развој на Република Македонија. Нашата определба е стабилен економски развој, знаењето да е приоритет како за државните така и за приватните институции. Затоа, сметам дека на овој план треба да бидат насочени нашите активности.

**Споменете некои успеси на учениците од "Крсте Мисирков" постигнати на државни или меѓународни натпревари.**

- Во изминатата учебна година горди сме на залагањата и постигнатиот успех на учениците во слободните ученички активности (натпревари, ликовни, литературни и други наградни конкурси, изложби, лични творби и сл.). Посебно можеме да го истекнеме хорот, понатаму освоеното прво место на државно ниво по македонски јазик, второ место на натпреварот по физика на ниво на Град Скопје, пофалбата од општина Гази Баба до учениците од секцијата Еко ѕвонче, учеството на Меѓународна конференција на млади историчари во Велико Трново, Бугарија и успехот на нашите фудбалери (прво место на ниво на град Скопје, второ место во општина Гази Баба и трето место на републичко ниво) и кошаркари (второ место во општина).

**Можете ли да се присетите на поранешни ученици од ова училиште кои се сега видни, докажани и почитувани личности во општеството?**

- Како поранешни ученици од ОУ "Крсте Мисирков" кои сега се видни, докажани и почитувани личности во општеството би ги спомнале Бојо Андрески (сопственик на Европскиот Универзитет), Марјан Додовски (поранешен министер за екологија и просторно планирање), Гоце Наневски (познат и афирмиран скулптор и асистент на ФЛУ), Димитар Гелев (проф-др. на Правен Факултет), Јован Папиќ (асистент на Градежен Факултет) и други.

# Комплетно санирано свлечиштето кон н.м. Раштак

Општина Гази Баба заврши со комплетната санација на свлечиштето на локалниот пат ЛГБ1, или поточно на локацијата помеѓу населените места Булачани и Раштак. Свлечиштето Раштак се појави во февруари 2006 година, како последица на високото ниво на подземните води. Општина Гази Баба веднаш интервенираше и организираше соодветна механизација за времено санирање на свлечиштето. Проектот за санација на свлечиштето го изработи Градежниот институт Македонија, а како иведувач на работите беше ГД "Гранит" а.д. Скопје. При реализацијата беа изведени 110 метри дренажа, а беше и изработен армирано-бетонски ѕид со должина од 42 метри и височина од 3,40 до 5,20 метри. Овој зафат општина Гази Баба ја чинеше 4 милони денари.




## Машинско чистење улици

За подобрување на хигиената на улиците и тротоарите во општина Гази Баба, беа ставени во употреба пет машини за метење. Машините чистеа во населбите Железара, Автокоманда, Тринагла, Маџари, Хиподром и Ченто.

Акцијата траеше преку целото лето. Машините се употребуваат веќе трета година и нивната употреба покажува задоволителни резултати, посебно на понепристапни улици.

Општина Гази Баба апелира до сите граѓани да го почитуваат комуналниот ред, со цел зачувување на животна средина.





## Акција за почиста Гази Баба

Општина Гази Баба во соработка со Ј.П. "Паркови и зеленило" спроведе акција "Чисто Скопје". Во акцијата беа опфатени сите урбани заедници на трериторијата на општината, а работите ги извршуваа 16 работници. Метење и миење на јавните површини беше извршено на околу 2.000.000 (два милиони) метри квадратни, а во акцијата покрај работниците беа вклучени и две цистерни, едно "Пиагио" (троколка) и еден камион.

Акцијата ги постигна бараните резултати, со што е заклучено дека вакви акции треба да се одржуваат на секои три месеци.



# Патеки од павер елементи

■ На улицата "Сречко Пужалка" од крстосницата со ул. "Антон Попов" изработена е патека од павер елементи, со должина од 200 метри.

100 $m^2$ павер елементи се употребени за изработка на сквер со пристапни патеки на ул. "Фуштанска". Комплетна реконструкција на патеките со површина од 150 $m^2$ е извршена на ул. "Антон Попов" на последната автобуска станица на број 45.

Инвеститор е општина Гази Баба.

# Поправка на улици

■ Општина Гази Баба комплетно заврши со крпење на ударните дупки на улиците на нејзината територија. Асфалтерските работи се одвиваа во населбите Железара, Автокоманда, Керамидница, Маџари, Ченто, Хиподром, а санација на коловозот беше извршена во населените места Јурумлери, Трубарево, Колонија, Идризово, Раштак, Црешево, Булачани и Стајковци

Работите ги изведуваше фирмата "Изолација" - Скопје.



# Дезинсекција во Камник



■ Општина Гази Баба во соработка со Заводот за здравствена заштита Скопје, изврши дезинсекција во населбата Ченто, во месноста Камниик, каде пред извесно време се појавија инсекти (скакулци). По консултациите со надлежните институции, Градот Скопје и Министерството за Земјоделство (бидејќи локацијата граничи со земјоделска парцела) и немањето разбирање од нивна страна за решавање на проблемот на жителите, општината реши сама да преземе мерки за справување со овие инсекти.

Со запрашување од земја се третираа 80-тина куќи, или околу 8000 метри квадратни простор.

Општина Гази Баба ќе продолжи со следење на сотојбата на терен, се до комплетното сузбивање на инсектите.

МИНИСТЕРОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА

# Три милиони денари

## *за здрава вода во Страчинци*







Министерот за животна средина Џелил Бајрами и градоначалникот Коце Трајановски неодамна ги посетија населените места Страчинци и Инџиково. Тие се сретнаа со граѓаните, а министерот Бајрами имаше можност на самото место да се запознае со долгогодишните проблеми што ги имаат жителите од овој дел на општината.

Во населеното место Страчинци веќе подолг временски период жителите се без вода за пиење бидејќи постоечките каптажи немаат капацитет. Министерот Бајрами на средбата потенцираше дека во рамките на програмата за инвестирање на Министерството ќе бидат издвоени три милиони денари за обезбедување на вода за пиење за ова населено место. При својата работна посета на општината, делегацијата од ресорното министерство се запозна и со проблемите на жителите на Инџиково. Тие ја посетија локацијата каде што фекалната канализациона мрежа слепо завршува, а која се наоѓа во самото населено место. Притоа градоначалникот Трајановски укажа дека овој локалитет е потенцијална еколошка бомба и извор на заразани болести со оглед дека при поголеми врнежи водата се излева на улиците и во подрумите Во ова населено место беше посетена и дивата депонија која иако континуирано се чисти, постојано е мета на несовесните граѓани, при што повторно се обновува.

Со оглед дека Гази Баба е индустриски најразвиена општина во државата, градоначалникот Трајановски побара од министерството поддршка и залагање кон решавање на приоритетните еколошки проблеми кои се директно поврзани со квалитетот на живеење на населението. Тој на делегацијата и ја претстави вкупната слика за состојбата со животната средина во Општината, како и активностите кои се превземаат со цел да се заштити и подобри нејзиниот квалитет. На крај гардоначалникот Трајановски се заблагодари за досегашната добра соработка помеѓу општината и министерството.

# Едношалтерски систем за полесна комуникација







Почна со работа едношалтерскиот систем во општина Гази Баба. Градоначалникот Коце Трајановски, на 2 јули свечено ја пушти во употреба канцеларијата на едношалтерскиот систем, која ќе ги опслужува граѓаните и ќе им овозможи полесен пристап до општинските служби. Со тоа градоначалникот стави крај на турканиците кои се создаваа по општинските ходници, кога жителите на Гази Баба сакаа да завршат некоја работа.

Според општинските власти во Гази Баба, со функционирањето на едношалтерскиот систем, административната постапка сега ке биде многу поедноставна. Во новоотворената канцеларија, која е во склоп на општинските бараки, граѓаните ќе може да ги достават сите документи, барања , жалби, молби и слично.

Документите кои граѓаните ќе ги достават во новоотворената канцеларија, во електронска форма ке се препратат до секторите за урбанизам, финансии, до правната служба, до даночното одделение, како и до кабинетот на градоначалникот. Откако барањето ке добие соодветен одговор, повторно по електронски пат ке се врати во канцеларијата, а граѓанинот кој го поднел документот ќе биде известен за понатамошната постапка.

Едношалтерскиот систем ќе ја зголеми и одговорноста на општинската администрација, но и ќе ја намали можноста за корумптивно работење. Со воведувањето на едношалтерското работење, Гази Баба направи крупен чекор во воспоставувањето вистинска електронска општина, по



теркот на локалните самоуправи во развиените држави во светот.

Во склоп на едношалтерскиот систем, функционира електронска архива на податоци, што овозможува автоматизиран процес на чување и пребарување на сите документи. Општината до крајот на годинава ке имплементира и дигитален систем за подземна и надземна инфраструктура, а во компјутерската верзија ке се стават и сите Детални урбанистички планови и урбанистичката документација на Општината.

Гази Баба предвидува и постојани обуки за вработените за прифаќање на новите технолошки решенија, за да се овозможи навремено и ефикасно опслужување на граѓаните.





ИНТЕРВЈУ СО ТРАЈАН ПЕТРОВСКИ, КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР, ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

# Месните заедници ќе добијат свои противпожарни друштва

**Ова лето, како никогаш досега, Македонија се соочи со големи шумски пожари во кои беа загрозени и многу населени места. Како Гази Баба се справи со огнената стихија на своја територија?**

- Како речиси и во цела држава, така и во нашата општина избувнаа пожари. Најкритично беше во реонот на Скопска Црна Гора, над селото Раштак каде гореше шумски појас. Успеавме да го изгасиме за три дена со огромно залагање на месното население од месните заедници кои гравитираат во овој дел од Општината. Во гасењето на пожарот учествуваше и Бригадата за противпожарна заштита на град Скопје. Но, оваа криза ја сфативме како предупредување за опасностите од пожари кои во иднина можат да ни се случат. Затоа, одлучивме дека треба нешто да се превземе во насока на заштита од огнена стихија.

**Што поконкретно планирате?**

- Во соработка со Општинскиот противпожарен сојуз, општина Гази Баба планира да формира противпожарни друштва во сите населените места со што би се подобрила мобилноста и ефикасноста во кризни ситуации. Носители на друштвата ќе бидат самите месни заедници од каде и ќе се црпат човечките ресурси. Според она што начелно го зацртавме, локалните противпожарни друштва ќе бројат помеѓу 15 и 20 луѓе, обучени и едуцирани за гасење шумски пожари.

**Кој ќе биде задолжен за обука на доборочолците кои ќе се пријават во противпожарните друштва и на кој начин ќе се опремуваат?**

- Обуката ќе ја спроведува Општинскиот противпожарен сојуз, а во опремувањето ќе се вклучи и општина Гази Баба во рамките на своите можности. Досега ништо не е инвестирано во областа на противпожарната заштита и ќе мора да почнеме од нула, но се надеваме дека и со разбирање од Советот на општина Гази Баба, ќе најдеме сили и средства да го реализираме овој проект.

**Како ќе ги мотивирате луѓето да станат членови на противпожрните друштва?**

- Пријавувањето ќе биде на доброволна база во местата на живеење. Со самото членство во друштвата, волонтерите ќе се обврзат дека ќе помагаат во секое време и на секое место. Кога ќе има акции за гасење пожари, членовите ќе бидат ослободени од своите работни места. Сите месни противпожарни друштва ќе бидат здружени во реонски бригади, а потребно е и да се направат противпожарни домови во населените места. Во некои од нив веќе постојат такви објекти па ќе треба само да се адаптираат.

**Во колку реони ќе биде поделена територијата на општина Гази Баба?**

- На пет реони. Со оглед на тоа што подножјето на Скопска Црна Гора е најризично подрачје, првиот реон ќе го сочинуваат населените места Раштак, Булачани, Виниче, Црешево, Смиљковци, Страчинци и Брњарци, во вториот ќе подпаднат Стајковци, Сингелиќ, Инџиково иЧенто, а во третиот реон ќе бидат Автокоманда, Железара и Керамидница. Четвртиот реон ќе ги опфати Маџари, Хиподром и Триангла, а петтиот- Трубарево, Јурумлери, Колонија, Идризово и Скопско Поле. Во секој реон ќе имаме околу 140 доброволци и се надеваме дека наскоро ќе можеме да почнеме со нивна обука.

# Доделени благодарници и 100.000 денари



На 30.07.2077 градоначалникот Коце Трајановски додели благодарници за учество во гасењето на пожарот во атарот на населеното место Раштак.

Благодарници беа доделени на месните заедници: Раштак, Црешево , Виниче , Булачани, Смилковци и Стајковци, како и на Бригадата за противпожарна заштита на град Скопје. Општина Гази Баба воедно додели и 100.000 денари на Бригадата за противпожарна заштита на град Скопје.

















# Еколошки проекти во општина Гази Баба

Општина Гази Баба започнува со реализација на два нови проекта поврзани со управувањето со отадот.

Првиот проект "Студија за управување со биоразградлив отпад" ќе опфаќа изработка на анализи на состојбата, количините и квалитетот на биоразградлив отпад во општина Гази Баба и можноста за негово компостирање и употреба. Имено проектот после изработените анализи на теренот ќе предложи мерки за преработка на биоразградливиот отпад и ќе имплементира пилот проект за компостирање на истиот и добивање на висококвалитетно ѓубриво за земјоделските површини.

Вториот проект "Изработка на план и програма за управување со отпад" произлегува од законската обврска на општините за изработка на ваков стратешки документ за управување со отпад во руралниот дел на општината. Проектот ќе ја опише и оцени состојбата со управување со отпадот во општина Гази Баба и ќе предложи најдобри мерки за негово намалување како и одложување, собирање, депонирање, рециклирање, реупотреба. Ќе се дефинираат и акции и проекти за негова имплементација.



# Јавна расправа за еколошката дозвола на МАКСТИЛ



На 17.10.2007 година во големата сала за состаноци на Општина Гази Баба со почеток во 18.00 часот ќе се одржи јавна расправа по повод барањето за усогласување со оперативен план, односно А-интегрирана еколошка дозвола на МАКСТИЛ АД Скопје. На јавната расправа организирана од Министерството за животна средина и просторно планирање ќе биде презентирано барањето за добивање на еколошка дозвола на Макстил АД Скопје и заложбите на претпријатието за намалување на загадувањето и подобрување на квалитетот на животната средина. Заинтересираните граѓани се повикуваат да присуствуваат и активно да партиципираат во јавната расправа.



■ Општина Гази Баба се збратими со општина Искар, Софија. Градоначалникот Коце Трајановски и неговиот софиски колега Јордан Томов, го потпишаа и меморандумот за понатамошна соработка со двете општини. Договорот е основа за соработка и развој на економијата, стопанството, културата и на образованието, а двајцата градоначалници ветија оти во иднина соработката меѓу Гази Баба и Искар, особено ќе се развива на поле на индустријата. На средбата вчера присуствуваше и амбасадорот на Бугарија во Македонија Михо Михов.

# Гази Баба се збратими со општина Искар од Софија



■ Општина Гази Баба со цел, подобрување на условите за живот во населеното место Страчинци, изведува одводен цевковод за истечните води од селската чешма и неколкуте извори кои се наоѓаат во селото. Работи се изведуваат на потег од 350 метри, а водата од овој цевковод во иднина ке служи за наводнување на нивите во атарот на н.м. Страчинци.

Работите ги изведува фирмата "Жикол".



# СЛАВИЦА ГРКОВСКА
## ПРАТЕНИК ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Славица Грковска е родена во Скопје, а од 1997 година е жител на општина Гази Баба. Основното образование го добива во ОУ. "Васил Главинов" во населбата Топаанско Поле, додека средношколските денови ги поминува во гимназијата "Раде Јовчевски-Корчагин". Своето образование Грковска го оформува запишувајќи се на студиите по математика на Природно-математичкиот факултет, каде подоцна и се вработува како помлад асистент. Почетоците на нејзиниот политички ангажман, како што самата вели, се совпаѓаат со почетоците на плурализмот во Македонија.

-Тогаш сеуште бев студент и во тој турбулентен период, за мене беше предизвик да бидам дел од историските збиднувања, почнувајќи од референдумот за независност, првите повеќепартиски избори...Националните партии кои се појавија тогаш во Македонија промовираа убедувања и активности кои за мене беа неприфатливи. Јас бев и сеуште сум убедена дека социјалдемократската идеологија е вистинскиот избор, кој меѓудругото нуди хумана и социјална димензија која ја заслужуваат сите граѓани и покрај тоа што достигнувањето на тие цели не е лесно, особено во економски услови во кои се наоѓаме, вели Грковска. Таа беше и една од основачите на подмладокот на партијата и негов претседател до 1995 година, член по функција на централното прет-





Гази Баба во себе обединува населби од различен карактер - и градски и рурални, различни структури кои ја прават една од општините со најголем потенцијал и за индустриски и за едукативен развој. Различната структура на граѓани кои живеат во моето соседство, во моето и во другите маала, пак, и дава посебен белег и душа на општината

# Гази Баба има посебна магија

седателство на СДСМ, член на ЦО СДСМ, како и член на Советот на град Скопје до 2000-та година, а 2002-та за првпат беше избрана за пратеник во Собранието на РМ.

**Што Ве врзува за општина Гази Баба и населбата во која живеете?**

Студентските денови, семејството, пријателите... Гази Баба има посебна магија затоа што во себе обединува населби од различен карактер - и градски и рурални, различни структури кои ја прават една од општините со најголем потенцијал и за индустриски и за едукативен развој. Различната структура на граѓани кои живеат во моето соседство, во моето и во другите маала,пак, и дава посебен белег и душа на општината.

**Каква е Вашата соработка со граѓаните на Гази Баба. На што најмногу се жалат и за што бараат помош од Вас?**

Благодарение на канцелариите за контакти со граѓаните кои за прв пат, со помош на Националниот Демократски Институт, ги отворивме во претходниот мандат почнавме да го разбиваме митот за недопирливоста на народните избраници. На тој начин граѓаните можат да дојдат и да разговараат со нас буквално за се. Многу често тоа се прашања кои не се дел од ингеренциите на пратениците, меѓутоа јас се трудам да им помогнам колку е можно повеќе. Во секој случај, секоја средба со граѓаните, без разлика на мотивите, за мене е драгоцено искуство и

сакам да им се заблагодарам на сите кои на тој начин ми ја изразиле својата доверба.

**Каква е Вашата соработка со локалните власти и како пратеник како можете да и помогнете на општината?**

Моето убедување е дека секој кој што е избран од граѓаните е должен да ги застапува и да се залага за нивните интереси. Затоа, силно се спротивставив на зголемувањето на давачките кои се предлагаа во Законот за комунални такси и Законот за данок на имот. Тие беа закони кои беа од интерес на општината затоа што овозможуваат зголемување на општинскиот буџет, но од друга страна претставуваат голем финансиски товар за граѓаните. За жал, не можевме да ги убедиме мнозинството од пратениците дека тоа ќе биде преголема дополнителна давачка која тешко можат да ја издржат поголемиот дел од граѓаните чии реакции сеуште не стивнуваат, револтот е многу голем. За сите други прашања кои се совпаѓаат и со интересот на општината и со интересот на граѓаните до сега сме имале коректна соработка со локалните власти.



**Што би измениле во општината и на што сметате дека треба да се обрне особено внимание?**

Гази Баба е многу комплексна општина со проблеми од различен карактер кои се слика на нејзиниот урбан и рурален дел. Она што најмногу ми пречи е што една ваква градска општина сеуште има инфраструктурни проблеми - непоправени и неасфалтирани улици, недовршена водоводна и канализациона мрежа, потоа лоша состојба со училишните згради итн. Очекувам моќта и ингеренциите кои што сега со децентрализацијата ги имаат локалните власти, да ги фокусираат на решавање на приоритетните прашања и проблеми на граѓаните, затоа што како ќе се развива понатаму општината сега најмногу зависи од нив.

**Најголем дел од Вашето време го поминувате во парламентот. Кој е вашиот приоритет и за што се залагате, а што Ви пречи?**

Моите обврски во парламентот произлегуваат, меѓудругото и од моите функции во Собранието. Јас сум заменик координатор на пратеничката група на СДСМ, претседател на комисијата за образование, наука и спорт и претседател на парламентарната група за соработка со Израелскиот парламент. Тешко е да се опишат сите обврски што ги има еден пратеник, затоа што паралелно со собраниските активности-пленарни седници, комисии и сл. тука се и меѓународните активности, средбите со граѓаните итн. Најмногу ми пречи ниското ниво на комуникација и личните навреди и дисквалификации кои некои пратеници ги употребуваат во недостаток на контрааргументи. Ми пречи исто така што некогаш премногу партиски се гледа на некои предлози и многу од нив се одбиваат само заради тоа што доаѓаат од страна на опозицијата и покрај тоа што се добри и во интерес на граѓаните.

**Дали Ви останува време за хоби и дружење со пријателите? Како го поминувате слободното време? Што би им порачале на младите од општина Гази Баба и воопшто?**

За жал, останува многу малку слободно време и тоа го користам за читање, дружење со пријателите, пешачење ...Им порачувам на младите да инвестираат во своето знаење, да инвестираат во својата кариера тука во Македонија и на тој начин да вложат во нејзиниот развој. Најмногу од се им порачувам да веруваат во себе и во своите способности, затоа што само на тој начин можат да се фатат во костец со сите предизвици што ги носи животот.

**Дали имате поддршка од најблиските во вашиот ангажман како пратеник?**

Според мене не постои друга дополнителна формула за успех. Без поддршка на семејството е многу тешко да реализирате било што. Моите обврски бараат голема жртва и јас сум бескрајно благодарам на моите најблиски кои секогаш ме опсипувале со љубов и разбирање. Без тоа мислам дека никој не би можел да биде доволно успешен.



# Отворен Претприемачки сервис за млади

Во насока на стимулирање на самовработување како еден од можните начини на намалување на високата стапка на невработеност, во 2005 година ФИООМ и СИНТЕФ-Норвешка ја започнаа имплементацијата на проектот Претприемачки сервис за млади (ПСМ). Општина Гази Баба како една од 10те Општини во Град Скопје, е најголемата индустриска зона во Скопје и во Р. Македонија. Во партнерство со Фондацијата ПСМ, Општината ќе ги поддржи претприемачките услуги за млади, со цел да се овозможи динамичен циклус на креирање на нови фирми и нивно поврзување со постоечките големи фирми. На овој начин Општината ќе ја зголеми поддршката на секторот за МСП и ќе го стимулира локалниот економски развој. Проектот има за цел да го зајакне локалниот иновативен систем во Македонија со стимулирање на претприемништвото меѓу младите, нудејќи им комплементарни активности кои би го олесниле формирањето на нови претпријатија и нови бизнис потфати. Преку своите активности, ПСМ ќе стимулира претприемништво и ќе ги зацврстува линковите помеѓу младите луѓе во Македонија со цел да:

- ја намали високата стапка на невработеност
- го забрза напредокот на малите и средните претпријатија
- биде мост помеѓу постоечките понуди од образовните институции и потребите на бизнис секторот

Чекори кон успех

- Стимулирање на претприемничкиот дух помеѓу младите луѓе (18-28 години) со нудење можности за користење на модерно и добро опремени канцеларии по пристапни цени
- Овозможување на консултантски сервиси за сите аспекти на водењето на бизнисот - од неговото основање па се до прераснувањето во успешна компанија
- Поддршка од Владата и Министерствата
- Користење на најуспешни модели од практичното работење на СИНТЕФ - Норвешка во регионот

Достапни услуги во Бизнис Инкубаторот

Деловен простор

Инкубаторот располага со простор од 600 $м^2$ со 21 канцеларија, сали за состаноци, кујна и паркинг простор. Површината на канцелариите е околу 16$м^2$. Има две конференциски сали со површина од 14$м^2$ и 70$м^2$ и со капацитет од 6 до 100 луѓе.

Конференциските сали се опремени со модерен мебел, табла, ЛЦД проектор, лаптопи и можат да се издаваат и за компании надвор од Инкубаторот.

Техничка поддршка



За станарите

- Модерно опремени канцеларии по пристапни цени многу пониски од комерцијалните
- Во цената на канцеларијата се вклучени и струја, греење, интернет, осигурување и обезбедување на објектот
- Бесплатно користење на заедничкиот простор: кујна и конференциска сала
- Бесплатен паркинг простор
- Бесплатни консалтинг сервиси за сите аспекти на основање и водење на бизнисот
- Поврзување со домашни и странски партнери (пред сè од Норвешка)
- Промоција на станарите
- 24/7 пристап до просториите на Инкубаторот

Редовни состаноци и меѓусебно поврзување на станарите

За потенцијалните станари

- Компјутери во централниот дел на зградата за надворешни странки кои би сакале да му се приклучат на Инкубаторот, но немаат јасна идеја за бизнис
- Бесплатно советување за креирање на бизнис план
- Бесплатно асистирање за креирање на бизнис план.

# Отворен паркот на Скулптурата



Во населбата Автокоманда, пред гимназијата Панче Арсовски, општина Гази Баба го пушти во употреба Паркот на скуптурата кој е донација од а.д. Макстил.

Паркот е со површина од 6500 метри квадратни а во него се изведени пешачки патеки и сквер со површина од околу 1100 метри квадратни. Пред паркот е направен и паркинг за 25 возила а во него поставени се и 5 клупи за седење 5 канти за отпадоци и една фонтана. Просторот е комплетно електрифициран со 7 канделабри, а посадена е и нова трева на површина од 520 метри квадратни.

Во наредниот период ќе бидат изработени и скулптури во соработка со факултетот за ликовна уметност кои треба на просторот да му дадат комплетно заокружување.




**Каква соработка имате со градоначалникот на општина Гази Баба и какво е Вашето мислење за неговата досегашна работа?**

Соработката со градоначалникот е одлична. Таа се состои од честа меѓусебна размена на предлози и идеи за решавање на одредени проблеми кои секојдневно ги засегаат граѓаните. Честопати моите сугестии како и сугестиите на останатите советници се прифатени од страна на градоначалникот. Во однос на неговата работа сметам дека тој е целосно посветен на тоа што го работи, и убеден сум дека зацртаните планови според приоритетот и финансиската можност ќе ги реализира.

**Која е Вашата оценка за работата на Советот на општина Гази Баба?**

За успешна работа на советот потребно е добро да функционира релацијата градоначалник - совет како и соработката помеѓу советничките групи. Во општината, со одредени мали исклучоци, овие релации одлично функционираат. Карактеристично за работата на советот е дека кога се работи за суштински прашања се постигнува општ консензус. Советниците и градоначалникот согледуваат дека само со заедничка соработка општината може да застане на здрави нозе. Иако за некои прашања имаме различни мислења, сепак на крај наоѓаме заеднички решенија. Сметам дека досега советот работи конструктивно и помага во решавање на проблемите и создавање на подобри услови за живот на граѓаните.

**Колку Вие како советник сте активни на седниците или во некоја од комисиите (и која)?**

Мојата активност ја прикажувам со давање на конструктивни и реални предлози во текот на седниците, а не правење на популизам и политички маркетинг. Членувам во комисијата за мандатни прашања, избори и именувања, комисијата за месна самоуправа и комисијата за локален економски развој. Сметам дека комисиите се важен дел во функционирањето на советот од едноставна причина што во нив секоја точка од дневниот ред детално се разгледува, вклучувајќи ги и стручните служби во општината, како и надворешните соработници, се со цел правилно презентирање на проблемот и негово решавање. Минатата година комисијата за месна самоуправа имаше поголема активност со реализирање на изборот на советите во месните и урбаните заедници, кои се една многу важна алка помеѓу општината и граѓаните.

**Каква е Вашата соработка со жителите на општина Гази Баба?**

Преку секојдневна комуникација со граѓаните настојувам непосредно да се запознаам со проблемите и да помогнам во нивно решавање. Секој работен ден издвојувам време за активности поврзани со општината, се со цел решавање на проблемите на граѓаните. Бидејќи живеам во рурална средина каде граѓаните се соочени со поголеми проблеми во однос



Гази Баба во иднина ја гледам како модерна општина, екипирана со квалитетна и стручна администрација, која ќе биде во чекор со времето и вистински сервис на граѓаните. Место, со создадени подобри услови за живот на граѓаните, атрактивна за привлекување на инвеститори и целосно афирмирана како дома така и надвор од државата

| Членови на Советот на општина Гази Баба | |
|---|---|
| Кире Бузлиев претседател на Советот | (ЛП) |
| Ратко Илиевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Борис Јосифовски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Марјан Крстевски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Елизабета Спасовска | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Тони Трајковски | (ВМРО-ДПМНЕ) |
| Вукашин Стојанов | (ЛП) |
| Аница Пупиноска | (СПМ) |
| Дејан Наумовски | (ДС) |
| Благојче Трпковски | (независен) |
| Слободан Лаковски | (ТМРО) |
| Ељфет Исмаили | (ДПА) |
| Хајредин Сулис | (ПДП) |
| Хамзи Исени | (НДП) |
| Живко Зафировски | (ВМРО-НП) |
| Зоран Јовевски | (ВМРО-НП) |
| Соња Каранџулоска | (независен - поддржана од ВМРО-НП) |
| Зоран Коцевски | (ВМРО-НП) |
| Кирил Псалтиров | (ВМРО-МАК) |
| Јасминка Георгиева | (СДСМ) |
| Радмила Кирковска | (СДСМ) |
| Горанчо Паунов | (СДСМ) |
| Миодраг Станојевиќ | (НСДП) |
| Орде Стефков | (СДСМ) |
| Зоран Стојанов | (ЛДП) |
| Ерхан Али | (НА) |
| Џемаил Хамити | (НА) |

# Рецепт за успешна општина е добрата соработка градоначалник - совет

на урбаната средина, како што се немање на водовод, фекална канализација, неасфалтирани улици, непроодноста на каналите и сл., честопати заедно со граѓаните излегувам на самото место и помагам во решавање на проблемот.

**Кои проблеми најчесто ги посочуваат граѓаните и колку советот може да помогне во нивното решавање?**

Заеднички и најголем проблем на граѓаните е невработеноста за која што општината директно многу не може да помогне, но сепак индиректно со создавање на услови за привлекување на инвеститори кои ќе градат на територија на општината може овој проблем полека да го решава. Најчесто се потенцираат комуналните проблеми, како што е комуналниот смет, изградба на инфраструктурата, уличното осветлување, или водоснабдувањето и легализирање на дивоградбите преку донесување на ДУП и урбанистичка документација. За одредени реони карактеристичен е проблемот со нередовен автобуски превоз и дивото сечење на шумата. Во другите населени места како на пример во Инџиково, има голем проблем со слепата фекална канализација, која беше започната од Градот и чие довршување моментално е во тек. Тука се и проблеми со поплави како резултат на непроодноста на каналите. Проблем е и регионалниот пат Р103 кој го нарекуваат и патот на "смртта"... Во урбаниот дел на општината проблемите се сведуваат на доуредување на инфраструктурата, уредување на парковите и исполнување со содржини. Посебен проблем имаат жителите од нас. Железара кои се сведоци на немилосрдно узурпирање и правење на штета во парк шумата Гази Баба. Советниците често присуствуваат на работните средби што ги организира градоначалникот со месните и урбаните заедници како и претставници на институции кои можат да помогнат во решавањето на одреден проблем. Советот помага со правилна распределба на финансиите во Буџетот, донесување на програми за работа на општината, акти кои се од областа на урбанизмот, и сл. Сепак за капиталните инвестиции потребна е помош од градот Скопје и Владата на Р.М.

**Што според Вас е приоритет на Гази Баба годинава и каква е Вашата визија за иднината на општината?**

За наредната година како приоритети би ги издвоиле отпочнување на решавање на проблемот со фекалната канализација, целосно активирање на општинското комунално претпријатие кое треба да придонесе во решавање на комуналните проблеми. Како приоритет би ги издвоил и донесување на ДУП и урбанистичка документација таму каде што нема, се со цел урбанизирање и создававање на услови за легализирање на дивоградбите и привлекување на инвеститори за градење на индустриски капацитети. Би го споменал и асфалтирањето на улиците и нивно осветлување, а во соработка со ЕЛЕМ и довршување на топловодниот систем на потегот Триангла-Хиподром, како и отпочнување на активности за топловоден систем во населбата Ченто...Бидејќи од новата година основните училишта целосно преминуваат во надлежност на општините, потребно е поголем ангажман во создавање на подобри услови за посетување на настава, а исто така подобрување и на условите во детските градинки. Бидејќи во општината се сконцентрирани најголем дел од индустриските капацитети во градот, потребна е поголема еколошка заштита на воздухот, водата и почвата. За успешно решавање на дел од проблемите, пак, неопходно е добро функционирање и на советите на МЗ и УЗ кои преставуваат линк помеѓу граѓаните и општината.

Во иднина Гази Баба ја гледам како модерна општина екипирана со квалитетна и стручна администрација, која ќе биде во чекор со времето и вистински сервис на граѓаните. Место, со создадени подобри услови за живот на граѓаните, атрактивна за привлекување на инвеститори и целосно афирмирана, како дома така и надвор од државата.

**Како би го опишале животот на селото во минатото и денес?**

Според кажувањата на постарите, а и според мои сознанија од детството, населението во Црешево во минатото ги користело сите потенцијали што му ги дарила природата. Планината била користена за одгледување на стока и огревно дрво, полето за земјоделие - главно за житарици. Но со развојот на индустријата и продорот на современите технологии, како и близината до градот и индустриските капацитети го смениле животот на Црешево. Така сега сточарството речиси е замрено, а од земјоделието најприсутно е раноградинарството.

**Каква е инфраструктурната "слика" на селото?**

Мислам дека по децентрализацијата народната умотворба "Село фали, живеј во Град" се повеќе ќе ја губи смислата. Тоа особено се однесува за општината Гази Баба и МЗ Црешево како нејзин составен дел.

Но да почнеме со ред. Ако имаме во предвид дека активностите на МЗ Црешево во изминативе десет години беа речиси потполно замрени, без програма за развој и без решенија за многу прашања од витално значење за населението, пристапуваме со сета сериозност кон планирање и решавање на најзначајните комунални и инфраструктурни проблеми и потреби на населението. Со формирањето на Јавното комунално претпријатие ние и не само ние туку сите така наречени рурални заедници ќе го решиме најважниот проблем, а тоа е собирањето на цврстиот отпад. Понатаму, со изградувањето на водоводот и со исполнувањето на еден од клучните услови за урбано живеење, по "автоматизам" се појави уште една нужна потреба, а тоа е одводна фекална канализација. Индивидуалните решенија со септички јами се краткорочни и штетни по животната средина односно ги загадуваат подземните води. Овој проблем е изразен, во сите Месни заедници од овој крај и веќе се бараат за почеток идејни решенија во општината.

**Каква е состојбата со патната структура и сообраќајното поврзување со Градот?**

Потребите на сообраќајот во Месната заедница Црешево веќе подолго време налагаа проширување на главната улица. Со голема помош на општината и со ангажирање на целото село како работна сила, "изнесовме" околу 1000 кубици земја и го проширивме патот за 2м., така што сега патот е со околу 7 м. ширина. Останува да се направи тротоар и да се доасфалтира едната страна од патот. Во план е тоа да се реализира оваа година. И втора активност на овој план е веќе реализирана. Асвалтирани се две секундарни улици во должина на околу 250 м. Но и покрај овие активности остануваат уште неколку секундарни улици за асфалтирање.



Што се однсува до сообраќајното поврзување, тоа е голем и витален проблем не само на МЗ Црешево, туку и на МЗ Булачани, Раштак, Смилковци и Виниче. Ова е регион со околу 5 илјади жители, а јавен превоз до Градот сообраќа на секои два часа, со исклучок на "шпицевите" кога има уште еден автобус. "Функционира" алтернативно решение со комбиња до МЗ Стајковци кое е проследено со долги чекања, нервози и многу "сочни" пцовки. Многу симптоматично е што овој возен ред не е променет триесетина години. Но и за овој проблем како и за другите имаме големо разбирање

**ИНТЕРВЈУ СО ТОДЕ СПАСОВСКИ,**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЦРЕШЕВО**

# Цршево станува се попријатно место за живеење



**Општината е во една голема "офанзива", и мислам дека ако вака се работело барем во последните десет години ние сега немаше да разговараме за инфраструктурни проблеми**

од општината на чело со Градоначалникот и веќе цела година покрената е една голема "кампања" за решавање на овој проблем. Одржани се многу состаноци со релевантните субјекти: ЈСП и градот Скопје. Образложени им се сите проблеми, анализи и можни решенија. Се надеваме на решавање на овој проблем.

**Да се префрлиме на попријатни теми, каков е спортскиот и културниот живот во селото?**

И тука ќе зборувам малку пошироко и повторно ќе ја истакнам улогата на општината и градоначалникот Коце Трајановски, кои имаат многу широк дијапазон на интереси и следствено активности. На спортски план знаете дека е формирана лига на училишта во фудбал и таа успешно функционира на големо задоволство на "тинејџерите". Исто така со помош на општината се организираат и сениорски турнири во фудбал речиси во сите Месни заедници, вклучително и МЗ Цршево.

На културен и духовен план бележиме најдобри резултати. МЗ Цршево своите духовни потреби ги реализира во три цркви Св. Јован, Св. Спас и Св. Петка. Ако се знае дека духовноста е тесно поврзана со културата, јасно е дека на трите патрони односно празници на црквата се изведуваат сите традиционални обичаи и обреди поврзани со празниците, проследени со песни и игри.

Како најкарактеристичен би го издвоил манастирот Св.Петка кој се наоѓа над селото. Овој манастир од година во година е се помасовно посетен од илјадници верници. За да се олесни пристапот, општината лани изгради асфалтен пат, а годинава помогна во изградбата на водоводот до манстирот долг 1 км.

Наша визија за овој манастир е во иднина да се изградат конаци со придружни објекти кои покрај духовните би добиле и културни содржини. Ќе се обидеме во деновите пред и на самиот празник Св. Петка да востановиме културна и традиционална манифестација во чија програма би вметнале повеќе содржини од културата: концертна духовна музика, ликовна колонија и поетска вечер. Се надеваме дека општината и Министерството за култура ќе ја прифати и помогне оваа идеја како многу значајна за културниот живот на општина Гази Баба.

**За крај едно резиме**

**Можеме ли зад сите визии, планови и активности да го ставиме знакот на равенство и да имаме решенија?**

Секако, општината и сите Урбани и Месни заедници во нејзиниот состав се во една голема "офанзива", и мислам дека ако вака се работело барем во последните десет години ние сега немаше да разговараме за инфраструктурни проблеми, за загрозена животна средина, туку ќе зборувавме за општина Гази Баба како инсустриска и трговски најразвиена општина со висок процент на вработеност, со високи еколошки стандарди и селски туризам, со богат културен, забавен и спортски живот, но и за општина чии жители имаат изградено силни чувства кон верата и духовноста затоа што после Охрид и Прилеп Скопска Црна Гора имала најмногу цркви и манастир и токму поради тоа била наречена и како Скопска Света Гора.

Но со оглед на ентузијазмот на Месните заедници и стручноста и професионалноста на службите на општината, како и посветеноста на Градоначалникот, мислам дека сето споменато ќе биде реалност во многу блиска идинина.

# Автокоманда да стане европска урбана заедница




**Како фукцонира советот на Урбаната заедница Автокоманда?**

Советот на Урбаната заедница Автокоманда се состанува по потреба, а на седниците се расправа за актуелните прашања што се од интерес на граѓаните што живеат во Автокоманда и прашања поврзани со активностите на Локалната самоуправа Гази Баба и пошироката заедница. Соработката со граѓаните од Урбаната заедница во изминатиов период е добра, а претежно се соработува преку куќните совети во станбените згради, а во оние згради каде нема избрано или не функционираат иницираме активности за избирање на куќни совети. Овде морам да потенцирам дека бараме од граѓаните поголемо ангажирање за екологијата и одржувањето на јавната хигиена.

**Како се реализираат програмските активности на урбаната заедница?**

Реализираноста на програмските активности во нашата развојна Програма на Урбаната заедница се состои и во одличната соработка со Градоначалникот на Локалната самоуправа на Гази Баба, Коце Трајановски. Скоро на сите собири што ги организира Советот на Урбаната заедница Автокоманда, Градоначалникот наоѓа време и е присутен. Тој лично ги слуша предлозите, мислењата и сугестиите од граѓаните, при тоа несебично ни дава поддршка во реализацијата на нашите барања иницирани од граѓаните што имаат интерес од витално значење. Проблемите иницирани на собирите или од членовите на Советот на Урбаната заедница што требало да ги извршуваат вработените во пунктовите од јавните претпријатија во Автокоманда, поради добрата соработка на секретарот со раководителите во пунктовите во изминатиов период скоро да сме немале проблеми. А до колку некој проблем ќе се појавел а истиот требало да биде решаван на повисоко ниво во соработка со Градоначалникот и раководителите на стручните служби во Општината, сме изнаоѓале начини и сме ги решавале. Оваа соработка ќе продолжи и понатаму.

**На кој начин работи Урбаната заедница Автокоманда?**

Урбаната заедница Автокоманда, т.е. Советот секоја година изготвува Програма за работа. Досега имаме ги имаме реализирано: направен е тротоарот од левата страна на ул."Ташко Караџа" од зграда бр.5 до зграда бр.1 со бекатон плочки, а поставени се железни браници да не може да се паркираат коли на тротоарот; направен е тротоарот на улица "Христо Ботев" од левата стрна од ул. "Лазар Поптрајков" до ул. "Ташко Караџа" сменети се цевките на водоводната мрежа на ул. "Ташко Караџа" од зграда бр. 12 до зграда бр. 26 и десната страна од зграда бр. 16 до бр. 12 на ул. "Бапчар", направен е парк пред С.Д.У. "Панче Арсовски", површината е озеленета, поставени се шест нови клупи, а поставена е и фонтана; , поплочен е тротоарот на ул. "Лазар Поп Трајков" бр.27 - аголот на ул. "Габреш" и "Лазар Поп Трајков"; поплочен со плочки од бекатон, дел од дворното место кај зграда бр.5 на ул. "Трифун Хаџијанев", према општината; уредено е местото на зграда бр. 8, на ул. "Трифун Хаџијанев" со бекатон плочки према ул. "Лазар Поп Трајков" асфалтиран е просторот помеѓу објектот на Урбаната заедница Автокоманда и културниот дом "Димитар Влахов".

По барање на граѓаните од Урбаната заедница Автокоманда, на ул. "Јани Лукровски" поставени се на три места легнати полицајци; на едно место на ул. "Трифун Хаџијанев" на едно место на тесната уличка помеѓу училиштето "Стив Наумов" и Урбаната заедница Автокоманда и на три места на ул. "Лазар Поп Трајков".

> Автокоманда е крстосница на излезот и влезот во нашата метропола. Затоа таа треба да биде една од најдобро уредените населби во градот.

Од страна на одделението за јавно улично осветлување во Локалната самоуправа Гази Баба поставени се: 20 мали челични бандери од зграда бр.8 до зграда бр.18 (за осветлување на просторот позади зградите), 6 мали челични бандери на паркинг плац кај зграда бр.12 на ул. "Трифун Хаџијанев"; 4 мали челични бандери на паркинг плацот пред зградите бр. 37 и 39 на ул. "Лазар Поп Трајков"; 6 мали бандери - челични покрај патеката на ул. "Вембел" бр.2; 8 мали челични бандери позади објектот на Урбаната заедница Автокоманда; на игралиштето кај О.У. "Стив Наумов" 4 бандери со по два рефлектора и 4 бандери со по 2 сијалици. (во целина земено населбата Автокоманда е добро осветлена со јавно улично осветлување). Соработката со Љубе Коцевски, одговорен за јавното осветлување е одлична;



**Каква е соработката со Јавните претпријатија?**

За соработката со јавните претпријатија можеме да кажеме дека е добра и имаме разбирање. Проблеми има околу сечењето на стари, дотраени, заболени дрва скоро низ целата населба, некои од тие дрва поради висината надвиснале над станбените згради и претставуваат опасност за граѓаните и паркираните автомобили. Во соработка со одговорните луѓе во Локалната самоуправа и Ј.П. "Паркови и зеленило" се прават напори овој проблем да се разреши.

**Кои активности се планирани за во иднина?**

Активностите во Урбаната заедница Автокоманда продолжуваат, не застануваат. На ул. "Лазар Поп Трајков" од десната стрна од ул. "Трифун Хаџијанев" до "Естакадата" во моментов се работи на расчистување од постоечките работи, а потоа ќе се припреми за монтирање на бекатон плочки. При оваа активност можно е да се изведат работи на одводната фекална канализација и приклучоците од станбените објекти на истата страна.

Во првата декада од месец октомври очекуваме да се спроведе анкетирање на граѓаните за деталниот урбанистички план за Автокоманда, каде граѓаните во писмена форма ќе ги искажат своите забелешки. А од усвоениот ДУП очекуваме досредување, доуредување на населбата (улиците, тротоарите, паркингзите пред зградите и на оние места каде треба да се изградат нови, реновирање на старите станбени згради и други активности).

Следниве месеци очекуваме да добиеме и клупи за седење што ќе бидат поставени пред станбени згради.

Исто така превземаме активности околу еколошката состојба во нашата Урбана заедница во соработка со Урбаната заедница Железара, раководителите на најголемите загадувачи (железарските субјекти: "Макстил" и "Миталстил" во соработка со Градоначалникот и претставници од Министерството за екологија и просторно планирање.

**И за крај која е Вашата визија за Автокоманда?**

Мојата визија за Урбаната заедница Автокоманда претставува и визија на граѓаните што живеат во неа. Таа да биде една од најдобро уредена населба со целата инфраструктура. Таа е крстосница на излезот и влезот во нашата метропола - градот Скопје, се наоѓа во центарот на индустриската зона, меѓу погустите населени места во републиката. Се очекува во иднина да се расчистат времените објекти кои ги има многу во населбата, просторот да се преуреди согласно ДУП-от, да се доозеленат оние површини што не се озеленети или е уништено зеленилото, да се засадат нови зимзелени и други дрвја, откако ќе бидат исчистени старите дотраени и болни дрвја. Граѓаните да си ја сакаат околината во која живеат, да се грижат за што почиста населба, да им укажуваат на младите и идни генерации дека здрав и умен е оној човек кој живее во убава и еколошки чиста средина.

# ИНТЕРВЈУ СО БОБИ СТЕВКОВСКИ
## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЈУЗОТ ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ НА ГАЗИ БАБА




# Преку спортот децата ги оттрг

**Да се работи со деца е благородна мисија. Објаснете ја суштината на училишниот спорт и наведете ги неговите ефекти.**

- Училишниот спорт како масовна категорија насекаде во светот претставува база на врвниот спорт. Од квантитетот се раѓа квалитет и затоа му се придава големо значење. Но, според мене, една друга функција е многу побитна. Со учеството на децата во спортските манифестации, ги оддалечуваме од опасностите на улицата и пороците и ги насочуваме кон нешто многу позитивно. Со спортувањето се зачувува здравјето и ако сме успеале младите да ги заразиме со спорт, тогаш нашата мисија е успешна. Преку спортот и забавата учениците побрзо се социјализираат, ги надминуваат тензиите и предрасудите и сфаќаат дека сите проблеми можат да се надминат.

**По иницијатива на градоначалникот Коце Трајановски, Гази Баба минатата година формираше лига во мал фудбал за основните училишта. Задоволни сте од постигнатото?**

- Во лигашките натпревари учество зедоа преку 200 деца од основните училишта на територијата на општина Гази Баба, што е бројка која пријатно задоволува. Натпреварите се играа во периодот од февруари до мај, по Бергеров ситем од 11 првенствени кола.  На секој дуел имаше по 500 до 1000 гледачи, бројки со кои не можат да се пофалат ниту некои прволигашки професионални клубови. Во текот на тие четири месеци се случија многу другарства, а како кулминација на сето тоа се формираше и репрезентација на Гази Баба во мал фудбал од најдобрите фудбалерчиња во општината која ќе настапува на ревијални натпревари со врсниците од другите скопски општини, но и против селекциите на збратимените општини и градови во странство.

**Покрај малиот фудбал, застапени ли се и останатите спортови?**

- Под капата на Сојузот за училишен спорт влегуваат сите натпревари помеѓу училиштата во било кој спорт. Во месец мај организиравме и успешни кошаркарски натпревари, а од оваа учебна година ќе стартуваат и лигите во ракомет и кошарка за момчиња и девојчиња, кои ќе траат це-







# нуваме од улицата и пороците

ла година. Нормално, ќе продолжиме и со лигата во мал фудбал. Се надеваме дека во сите спортови заедно ќе привлечеме помеѓу 600 и 700 деца.

**Имајќи предвид дека фудбалот, ракометот и кошарката се најмасовни и најпопуларни спортови кај нас, постои ли план да се организираат спортски настани и со помалку застапените спортови?**

-Да. По повод 3 Ноември, Денот на општина Гази Баба, ќе организираме есенски атлетски крос во кој ќе учествуваат 400 ученици, а планирано е да се одржат натпревари и во пинг-понг.

**Имате ли проблеми во организирањето на спортските настани?**

- За среќа, градоначалникот Коце Трајановски е човек кој го сака спортот и сака да го помага па затоа некако ги решаваме проблемите. Општината обезбедува спортска опрема за наставниците и учениците кои учествуваат на натпреварите, а Агенцијата за млади и спорт ни донира топки и реквизити. Гази Баба е единствената општина која има активен Сојуз за училишен спорт и нашата улога треба да се гледа како сервис и врска помеѓу училиштата и спортските клубови во кои телентираните деца би ја граделе спортската кариера.

**За успеси и врвни резултати во спортот е неопходна и соодветна инфраструктура. Како на ова поле стојат работите во општина Гази Баба?**

- Поради проблеми и недостаток на инфраструктура и квалитетен стручен кадар, во Македонија секојдневно пропаѓаат многу млади и талентирани спортисти. Кај нас со години никој не инвестирал во оваа сфера, но нештата полека почнуваат да се придвижуваат на подобро. Веќе почна изградбата на спортска сала во дворот на основното училиште Наум Наумовски-Борче во рамките на владиниот проект за 35 нови Сали, а наскоро ќе се градат уште две на територијата на нашата општина. Иако уште не е позната локацијата, планирано е да се гради и големо фудбалско игралиште според европски стандарди. Како врв на општинските активности во сферата на спортот, Гази Баба најавува кандидатура за организација на Малите олимписки игри во 2009 година на која учествуваат екипи од сите основни училишта во државата.







Во населеното место Колонија се одржа најголемиот фудбалски турнир во општина Гази Баба. Пријавени беа вкупно 35 екипи од повеќе општини и тоа од Гази Баба, Кисела вода, Шуто Оризари, Чаир, Илинден и Петровец. Турнирот беше во организација на Ф.К. Нова Колонија а покровител беше општината. Турнирот е традиционален, а оваа година и наградите не изостанаа. За прво место беа доделени 15.000 денари и комплетна фудбалска опрема, второто место носеше 10.000 денари, маици, пехар и фудбалски топки, додека третата екипа доби 5.000 денари, маици и фудбалска топка. Награди беа доделени и за најдобриот фудбалер и голман.












# Карате клубот Металург со три медали во Истанбул

Учествуваа натпреварувачи од следните земји:
1. Турција
2. Грузија
3. Азербеџан
4. Иран
5. Јордан
6. Малезија
7. Виетнам
8. Русија
9. Украина
10. Латвија
11. Шведска
12. Германија
13. Франција
14. Хрватска
15. Босна и Херцеговина
16. Албанија
17. Швајцарија
18. Бугарија
19. Македонија

Карате клубот Металург во рамките на подготовките на своите репрезентативци за Светското карате првенство кое ќе се одржи на 19-20-21.10.2007 година во Истанбул, учествуваше на силниот "2-ор Ј.Е.К.У. Меѓународен карате турнир ИСТАНБУЛ-ОПЕН" кој исто така се одржа на 07-9.09.2007 година во Истанбул, Турција со награден фонд од 102.000,00$ под покровителство на Градот Истанбул и Турската карате Федерација.

Во силна конкуренција на светски велесили во карате спортот какви што се Франција, Иран, Турција, Азербеџан натпреварувачите на карате клуб Металург успеаја да освојат 3 медаљи и тоа две во кати и една во борби.

Дино Шкоф го освои третотто место во ката, а посебно се драгоцени двата медали од кои едниот во кати добиен против одличната малезијка Лим Лили која беше фаворит во дуелот со Тамара Рибарска, и бронзениот медал на Огнен Груевски кој до освојување на медалот победи двајца репрезентативци на Франција.

Судењето главно беше коректно благодарение на судиите од странство така што нашите натпреварувачите само во два наврати беа оштетени од домашните судии во корист на турски натпреварувачи при што беа елиминирани Ивана Ангелевска во кати и Иво Цветковски во борби - 70кг меѓутоа тоа е составен дел од спортот. После овој турнир ќе се направат одредени измени и корекции кај поедини натпреварувачи со цел да се постигне потребната форма за следното балканско првенство за кадети и јуниори (Скопје) а потоа и за светското првенство (Истанбул).

Со натпреварувачите беа и нивните тренери: Мирче Janушевски, тренер за борби и кати и Драган Грдановски и Киро Ѓорѓиевски, тренери за борби.



# Детска градинка – „25 Мај“

Јавната Установа за деца - Детска градинка - "25 Мај" започнала со работа на 1 ви Февруари 1965 година кога за прв пат се слушна детската врева во Комбинираната детска градинка "Маџари II" - Скопје. Најпрво се започнало со 7 вработени и 30 деца. Во изминатиот период градинката растела и се развивала со отварање на уште пет нови објекти.

Денес, ЈУДГ "25 Мај" ја сочинуваат шест објекти, во кои се вработени 106 лица и 37 воспитни групи во кои што се згрижени 823 деца. Целокупната дејност се остварува преку згрижување, нега, исхрана, воспитание и образование, во современи простории кои нудат одлични услови за поттикнување на интелектуалниот, емоцијалниот, физичкиот и социјалниот развој на децата од осум месечна до предучилишна возраст.

Воспитно - образовната работа во дел од групите се реализира според програмата изготвена од Бирото за развој на образованието, а во дел од нив се реализира програмата "Чекор по чекор". Детската градинка е вклучена и во низа проекти кои успешно се спроведуваат во работата со децата. Би требало да се споменат и тоа: "Основи на Демократија", "Инклузија на децата со посебни потреби во редовните групи".

Од оваа година успешно се спроведува и "Мозаик" - билилнгвинална македонско - албанска група. Се реализираат и низа скратени програми како игротека, англиски јазик и балет. Бројните признанија и награди кажуваат за успешната работа на стручниот тим и вработените, кои во соработка со стручните органи и тела секојдневно создаваат пријатна атмосфера во која децата уживаат среќно детство.

Јавната Установа за деца - Детска градинка - "25 Мај" ја сочинуваат шест објекти и тоа:

**Објект "Сонце"**
матичен, ул. "Среќко Пужалка" б.б.
телефон 25 -22- 473.

**Објект "Пони"**
ул. "Разлошка" б.б.
тел: 25-22-049;

**Објект "Детелинка"**
ул. "Модест Мусоргски" б.б.
тел: 25-21-762;

**Објект "Синоличка"**
ул. "Катлановска" б.б.
тел: 25-21-629;

**Објект "Искра"**
ул. "Палмиро Тољати" б.б.
тел: 25-21-093;

**Објект "Цвет"**
ул. "Македонска" б.б.
тел: 25-61-116. тел.факс 25-27-200.









# „Детска радост“

Јавната Установа за деца - Детска градинка - "Детска радост" започнала со работа во мај 1955 година. Тогаш биле опфатени 90 деца на возраст од 5-7 години и 5 вработени. Притоа во изминатиот период градинката растела и ја проширувала својата дејност со отварање на уште четири нови објекти.

Денес, градинката "Детска радост" ја сочинуваат пет објекти. Воспитно - образовната програма во градинката се остварува на македонски јазик. Опфатени се најразновидни теми, содржини, форми на запознавање, учење, истражување, творење, изразување - приредби, посети, претстави, работилници, изложби, спортски натпревари, балет, фолкор, учење англиски јазик, фолкор, модерни танци, гости промоции и.т.н.

Местото и улогата на детската градинка се определени со Законот за детска заштита и во согласност со Министерството за труд и социјална политика и Бирото за развој на образованието.

Со НАДЕЖ дека во иднина, следејки ги процесите на систематски промени, подигање на јавната свест, со вклучување на локалната заедница заедно можеме да придонесеме градинката да остане и да биде место за игра и учење, за креативни идеи и работа, за доброто и убавото, за насмевка и радост на децата.

Јавната Установа за деца - Детска градинка - "Детска радост" ја сочинуваат пет објекти и тоа:

**Објект "Мимоза"**
ул. "Бапчор" бр. 2
тел: 31-73- 366 ;

**Објект "Темјанушка 1"**
ул. "Јани Лукровски" бр.4
тел: 31 - 73- 140;
**Објект "Темјанушка 2"**
ул. "Јани Лукровски" бр. 4
тел: 31-73 - 140 ;

**Објект "Сончоглед"**
ул. "Јани Лукровски" бр.4
тел: 31 - 73- 750;

**Објект "Калинка"**
ул. "Ѓемиџиска" б.б.
тел: 26-22-326
Тел.факс - 31- 73 -663.



Панорама на дел од општина Гази Баба

## Сервисни информации:

| | |
|---|---|
| Поликлиника - Ченто | 2 522 352 |
| Здравствена станица - Железара | 3 287 692; 3 278 758 |
| Здравствена станица - Автокоманда | 3 173 563 |
| Здравствена станица - с.Црешево | 2 575 358 |
| Здравствена станица - с.Булачани | 2 575 956 |
| Здравствена станица - Колонија Идризово | 2 546 463 |
| Гинекологија и акушерство РЕМЕДИКА | 2 603 100 |
| Домашна посета и патронажа - Гази Баба | 2 622 331 |
| Ветеринарна болница | 3 120 394 |
| Полициска станица - Гази Баба | 3 223 490 |
| Пожарна | 193 |
| Регионален центар за управување со кризи-Гази Баба | 3 240 000 |
| **Пријава на ПТТ дефекти** - Ченто | 9777 |
| приградски | 9779 |
| Детско СОС село | 2 520 424 |
| Хотел Континентал | 3 116 599 |

## Контакти со општина Гази Баба

**Адреса:**
Бул. "Александар Македонски" 66, Скопје

**Телефони:**

| | |
|---|---|
| Градоначалник | 02/ 3 22 66 55 |
| Претседател на Совет | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината | 02/ 3 22 59 32 |
| Сектор за финансии и буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем | 02/ 3 22 56 55 |
| Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште | 02/ 3 23 95 34 |
| Сектор за инспекциски работи - инспекторат | 02/ 3 22 28 76 |
| **Факс** | 02/ 3 23 89 66 |
| **e-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk; kabinet@gazibaba.gov.mk** |
| **Интернет адреса** | **www.gazibaba.gov.mk** |

## ЦЕНОВНИК ЗА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР

| | |
|---|---|
| Цела страница | 200 евра |
| Половина страница | 125 евра |
| Третина страница | 90 евра |
| Четвртина страница | 70 евра |
| Осмина страница | 40 евра |
| Лого на насловна страница | 500 евра |
| Последна страница | 400 евра |
| Еден см² | 1 евра |
| Инсертирање флаер | 1.000 евра |

(Цените се без вклучен ДДВ)

Весникот ОГБ се печати на 32 колорни страници со формат А4. Излегува еднаш на три месеци во тираж од 20.000 примероци. Рекламите се доставуваат во TIFF формат и резолуција од 300 dpi. За изнајмување рекламен простор однапред за неколку броеви следува попуст. (За 6 месеци 15% и за 12 месеци 20%)

Општина Гази Баба

**Главен и одговорен уредник:** Емилија Кипровска

**Заменик главен и одговорен уредник:** Неделчо Крстевски

**Компјутерска обработка и дизајн:** Дејан Стојанов

**Печати:** Европа 92

**Тел:** 02/3 22 66 55, 3 23 89 66